**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
Бул. Гоце Делчев бб 1000 Скопје, Тел. 5514470, Централа. 5514499
www.mrt.com.mk

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр. 02-3775/2**

# З А П И С Н И К

**Од итна 67-та седница на Програмскиот совет на ЈРП Македонска Радио Телевизија одржана на 14 и 18.06.2018 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**<br>проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Зам.Претседател на Програмскиот совет,м-р Јагнула Куновска, ,Ивана Трајковска,Снежана Клинчарова,Селпин Керим,Илир Рамадани,Гајур Рамадани, Анита Латифи , м-р Ристе Панов и Златко Јанковски. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**<br>д-р Агим Лека, Косана Николиќ Мазнева |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:**<br>Арун Ибраими-Заменик на директорот на МРТ, Горан Атанасов-Директор за заеднички функции и администрација, Орце Тодоровски-Пом. на директорот на МРТ,Захир Бектеш-Пом. на директорот на МРТ,Сектор за комерција и јавни набавки-Лазе Новески и Дамјан Галески, Љубица Пуцаревиќ- Раководител на Сектор за логистика, Раководителот на одделение за планирање и реализација на буџети -Виолета Димеска, |

Седницата започна во 16:15 часот.

Седницата на Програмскиот совет на МРТ е итно закажана ,односно по одржувањето на седницата од Надзорниот одбор на МРТ по истата точка .Бидејќи седницата на НО сеуште траеше , членовите на Програмскиот совет се приклучија во расправата по следниов :

## Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Информација за потреба од промена на Планот за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2018та година, со Предлог план за промена на планот за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2018-та година

Претседателот на Надзорниот одбор на МРТ Дарко Стефановски, пред отпочнување на седницата информира дека седницата е итно закажана и за Надзорниот одбор и за Програмскиот совет на МРТ. Бидејќи се развлече расправата од Надзорниот одбор по точката , ќе продолжат заедно во проширен состав да расправаат.Претседателот Дарко Стефановски ја образложи досегашната расправа поради потребата за измена на Планот за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2018-та година , а со цел донесување на Одлука за измена на Одлуката за Јавна набавка за Набавка на електрична енергија за да не се доведе во состојба да се прекине снабдувањето со електрична енергија на куќата.

Притоа,претседателот на НО стави забелешка и истовремено укажа дека до Надзорниот одбор и Програмскиот совет не е доставен никаков материјал кој треба да се разгледува и расправа , а седницата е закажана како итна.

Се стави забележка дека најпрво треба од надлежните служби да се достави Информација со Барање. Информацијата треба да ги содржи следниве податоци:
- Поднесувач на Информацијата со Барањето;
- Причината зашто е дојдено до овој проблем;
- Образложение за настанатата ситуација;
- Образложение по кој член на Законот за ЈН се повикуваат;
- Образложение по кој критериуми се раководеле;
- Кој се согласил за предложениот износ;
- Дали се исполнети и испочитувани законските обврски и по кој член од Законот за Јавни набавки се однесува измената.

Претставниците од МРТ Орце Тодоровски, Љубица Пуцаревиќ, Даме Галески и Захир Бектеш секој поединечно усно ја образложуваа потребата од измена на Планот за јавни набавки за 2018година за конкретната набавка- Набавка на електрична енергија.За да се склучи Договор со ЕВН е потребно да се обезбедат дополнителни средства во висина од 289.162,56 ден без ДДВ и да се измени Одлуката за јавна набавка за набавка на електрична енаргија во вредност од 13.839.162,56 ден без ДДВ. Проценетата вредност на Јавната набавка согласно годишниот план за Јавна набавка и Одлуката за јавната набавка на електрична енергија бр.05-2053/2 од 11.04.2018 година , предвидено е износот за оваа набавка да биде во висина од 13.550.000 денари без ДДВ.

Членот на Програмскиот совет на МРТ Анита Љатифи смета дека треба да се провери членот 28 од Законот за Јавни набавки и доколку е постапката отворена , треба да се направи дополнување на Одлуката за Јавни набавки , а не треба да се прави измена согласно предвидувањето во планот.

Зам. на претседателот на Програмскиот совет Ведат Мемедалија, оцени дека мислењето на Надзорниот одбор по ова прашање е од исклучително значење и сите треба да се согласат да се причека да се изготви дополнета Информација со сите побарани елементи од Надзорниот одбор.

Надзорниот одбор на МРТ и Програмскиот совет на МРТ по расправата и укажувањата побараа службите да достават писмена Информација со комплетни податоци за оправданоста за итноста на седницата, дали може да се најде законска форма и решение и исполнетоста на членот 25 и 28 од Законот за јавни набавки. Во Информацијата да бидат содржани сите побарани елементи со потписници од соодветните служби.
Членовите се согласија и предложија да се даде пауза за да се причека да се изготви Информацијата.

По изминати 30 минути, се изготви нова Информацијата и по разгледување на истата и по расправата, Надзорниот одбор и Програмскиот совет на МРТ заклучија дека Информацијата е непотполна и затоа ја прекинаа седницата и побараа да се изготви нова Информација.

Продолжение на седницата ја закажаа за 18.06.2018(понеделник) во 14часот.

Седницата заврши во 17:45 часот

**ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 67-та СЕДНИЦА НА 18.06.2018**

Седницата започна во 14:30 часот.

**Присутни**: проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Зам.Претседател на Програмскиот совет,м-р Јагнула Куновска, Снежана Клинчарова,Селпин Керим,Илир Рамадани, Гајур Рамадани, Анита Латифи , м-р Ристе Панов
**Отсатни:** д-р Агим Лека, Косана Николиќ Мазнева, Златко Јанковски ,Ивана Трајковска,

**Други присутни:** Арун Ибраими-Заменик на директорот на МРТ, Горан Атанасов-Директор за заеднички функции и администрација, Орце Тодоровски-Пом. на директорот на МРТ, Сектор за комерција и јавни набавки- Дамјан Галески, Здравко Пандурски- Раководител
На одделение за енергетика и напојување, Раководителот на одделение за планирање и реализација на буџети -Виолета Димеска,Алимпие Алулоски-Раководител на Одделението за стручна и техничка подршка на НО и Програмскиот совет на МРТ

Во салата за состаноци сеуште се одржуваше седницата на Надзорниот одбор, на закажан состанок на Програмскиот совет на МРТ во дискусијата по точката ,се приклучија и членовите на Програмскиот совет. Претседателот на Надзорниот одбор на МРТ, ги запозна членовите на советот за текот на расправата на членовите на НО и потребата од изменување и дополнување на доставената нова Информација. На минатата седница побарано е да се достави корегирана Информација со посодржаен текст и имплементирани сите предложени елементи. Со оглед дека не се детално имплементирани сите побарани елементи , се побара изготвување на нова Информација
Членовите од двете тела на МРТ се согласија и предложија да се даде пауза за да се причека да се изготви Информацијата.

По изминати 40 минути, Претседателот на Надзорниот одбор пред сите присутни и пред Програмскиот совет ја прочита Информацијата , се прифати истата и предложија архивски да се завери .Така заверена со архивски бр.05-3787/2 од 18.06.2018 година се разгледа и НО ги донесе следниве : **з а к л у ч о ц и**

**1**.Надзорниот одбор на МРТ, ја разгледа Информацијата за потреба од промена на Планот за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2018-тагодина, со Предлог план за промена на Планот за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2018-та година бр.05-3787/2 од 18.06.2018

Надзорниот одбор на МРТ по извршеното гласање , едногласно го усвои заклучокот

**2.Заклучок**
Надзорниот одбор на МРТ, врз основа на Информацијата за потреба од промена на Планот за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2018-та година, со Предлог план за промена на Планот за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2018-тагодина бр.05-3787/2 од 18.06.2018, дава согласност на Предлог планот за промена на Планот за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2018-та година

Надзорниот одбор на МРТ по извршеното гласање со 1глас,,ПРОТИВ,го усвои заклучокот

Членот на Надзорен одбор на МРТ Дафина Талева Хаџи-Васкова, во врска со својот глас ''ПРОТИВ'' , достави **Одделно мислење по Заклучокот,** кое е составен дел на Записникот и се пренесува во целост.

**Почитувани,**

'' По однос на вториот заклучок предложен на продолжението на 63-тата седница на Надзорниот одбор гласав ПРОТИВ давањето на согласност на Предлог -Планот за промена

на Годишниот план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2018-та година ,со дадено **Одделно мислење по Заклучокот.**

Согласно член 5 став 1 од Правилникот за формата ,содржината како и начинот на изготвување на годишниот план за јавни набавки (Службен весник на Р.М,БР. 84/12, содржината на годишниот план за јавни набавки не треба да се менува при промена на проценетата вредност или при промена на видот на планираната постапка за доделување договор за јавна набавка.''

**3. Заклучок**

Надзорниот одбор на МРТ му укажува на Предлагачот на материјалот, пред реализацијата на понуденото решение, уште еднаш да ја провери законската основа за истото, по потреба да изврши консултации со релевантни институции , државни органи и слично и доколку увиди нешто спорно, да ја откаже реализацијата .

Надзорниот одбор на МРТ по извршеното гласање , едногласно го усвои заклучокот

Претседателката на Програмскиот совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац ,истакна дека заедничкиот состанок на двете тела во МРТ, беше од исклучителна важност со конструктивната дискусија и донесување на правилни заклучоци.

Програмскиот совет на МРТ по донесените заклучоци од Надзорниот одбор на МРТ и давањето согласност за изменување на Годишниот план за јавни набавки на ЈРП Македонска радио телевизија за 2018 година, ја донесе и усвои следнава:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Планот за изменување на**
**Годишниот план за јавни набавки на ЈРП Македонска Радио Телевизија**
**за 2018 година**

**I.** Програмскиот совет на ЈРП МРТ, го разгледа и го усвои Планот за изменување на Годишниот план за јавни набавки на ЈРП Македонска радио телевизија за 2018 година.

**II.** Оваа одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

**III.** Примерок од Одлуката да се достави до:

Програмскиот совет на МРТ по извршеното гласање, едногласно ја усвои Одлуката.

Седницата заврши во 15:45 часот

Записникот го водеше
Менка Раичка Цветковска

Програмски совет на ЈРП МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател